НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

**број 21998 | четврток 3.6.2010**

# АНКЕТАТА ЗА НЕТРПЕЛИВОСТА ГИ РАЗБРАНУВА СТРАСТИТЕ

**По анкетата на невладината организација Центар за меѓуетничка толеранција, според која 70 проценти од граѓаните сметаат дека расте националната нетрпеливост, и македонските пратеници велат дека меѓунационалните односи се во надолна линија**

- Не е случајно, ниту треба да бидеме изненадени што меѓуетничките односи се паднати на најниско ниво по 2001 година - рече Имер Селмани од НД.

Селмани стравува дека ако не се преземе нешто, и понатаму ќе има заладување на меѓуетничките односи, немири и нестабилна политичка клима - тврди Селмани.

За него ова е уште една порака до Владата да биде многу внимателна во делот на сите одлуки што задираат во меѓуетничките односи.

- Загрижувачка е состојбата на меѓуетнички план. Оваа власт дојде за да ја подобри економијата, а го растури сето она што беше добро направено, како што беа релаксираните меѓуетнички односи. Ова е очекувано, бидејќи е резултат на сите потези што ги влече оваа влада во изминатиот период, почнувајќи од проектот енциклопедија, од градење црква и џамија на плоштадот во Скопје до образованието - посочува Цветанка Иванова од СДСМ.

Таа не сака да верува во тоа дека е можен конфликт, но вели дека сето она што се случува многу личи на нешто такво.

Анкетата на Центарот за меѓуетничка толеранција е порака што сите треба сериозно да ја сфатиме, смета Џевад Адеми од ДУИ.

- Не смееме да си дозволиме во Македонија да се подгреваат страстите, да се подриваат односите меѓу заедниците, кои со

огромна мака ги релаксиравме. По 2001 година во Македонија се случија многу позитивни нешта - рече Адеми.

За Иван Стоиљковиќ од ДПС очигледно е дека политичките лидери сфатиле дека играњето на меѓуетничката карта не е застарена работа и дека се користи во политичкиот живот.

Автор: В.Д.